# **ПРОЕКТ**

Соработка на Фондација за развој на локалната заедница и Технолошко- технички факултет од Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во рамките на **проектот** ***4 Р (Редуцирај, рециклирај, реупотреби и пренамени) - Социјална инклузија преку кружна економија,*** спроведен од Фондација за развој на локалната заедница – Штип.

Во период од 1.7.2022 до 30.11.2022 година**,** Фондација за развој на локалната заедница – Штип во соработка со Технолошко- технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип **организираше работилница** за учениците од ООУ "Ванчо Прке"- Штип, во која од текстилен отпад се правеше нов готов производ. Учениците од второ одделение под раководство на наставнички кадар од ТТФ при УГД- Штип, доц. д-р Сања Ристески, доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова, вон. проф. д-р Соња Јордева и доц. д-р Силвана Жежова, од текстилни отпадни материјали изработија детски кукли. Со оваа работилница децата научија како со повторна употреба на текстилните отпадни материјали може да се добие производ со нов живот, а притоа се намалува отпадот и се заштитува животната средина. Со вистинска едукација од мали нозе до цврст темел на кружниот економски систем, добиваме поздрава и поодржлива планета. Во прилог се фотографии од одржаната работилница.







  

Линк:[https://www.facebook.com/frlzorg/posts/pfbid02QLrihd8zxLhyDMx6C8Xy51GRt46vtLLB6qDwuMrffFjRPppK3xmfc1EsijzT48A3l](https://www.facebook.com/frlzorg/posts/pfbid02QLrihd8zxLhyDMx6C8Xy51GRt46vtLLB6qDwuMrffFjRPppK3xmfc1EsijzT48A3l)

Вториот настан кои се организираше како соработка на овие две институции во рамките на истиот 4Р проект, е **изложба и моден перформанс** во кои активно учество земаа студентите и наставниците од Технолошко – технички факултет, доц. д-р Сања Ристески, доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова, вон. проф. д-р Соња Јордева  и доц. д-р Силвана Жежова и учениците од ООУ "Ванчо Прке"- Штип. Студентите изработуваа облека и перници од текстилни отпадни материјали кои беа презентирани од учениците преку моден перформанс. Во прилог се фотографии од одржаниот настан.













Линк: https://goce.mk/otpadot-ne-e-otpad-s%d1%90-dodeka-go-iskoristuvash-ttf-so-%d1%98asna-poraka/